**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ДВАНАЕСЕТТАТА седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 28.05.2026 година**

**СКОПЈЕ, МАЈ 2026 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Дванаесеттата седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 28.05.2026 година**

Седницата започна во 11:05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на советот на Општина Гази Баба, **Виктор Трпевски**.

На седницата присуствуваа сите членови на советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на советот на седницата присуствуваа: претставници од општинската администрација и подносителите на материјалите предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Единаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Единаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, со **21 глас "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на совет - **Виктор Трпевски**:

За работата на седница на советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата**.**

За работата на седницата со **24 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за донесување на Енергетски план на Општина Гази Баба за 2027 година;
2. Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт СИ 08, Блок 01, Општина Гази Баба (плански период 2021 - 2026);
3. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2026 година;
4. Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за вршење надлежности од областа на инспекцијата;

5. Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу

Општина Гази Баба и Град Скопје за реконструкција на улица "Лазар Поп Трајков" во Општина Гази Баба;

6. Предлог - Одлука за доделување на еднократна парична награда на училишниот тим на ООУ "Дане Крапчев", Општина Гази Баба - Скопје, за постигнат успех на Светскиот шампионат "FIRST LEGO League, 2026";
7. Предлог - Одлука за отстапување на времено користење на недвижна ствар - деловен простор во Дом на култура "11 Октомври", на Црвен крст на Република Северна Македонија - Општинска организација Гази Баба - Скопје;
8. Предлог - Одлука за отстапување на времено користење на недвижна ствар - деловен простор во Дом на култура "11 Октомври", на Јавна установа Градска библиотека "Браќа Миладиновци" - Скопје;
9. Предлог - Одлука за пренесување на право на сопственост и распределба на движни ствари - прочистувачи на воздух, на општинските основни училишта и јавните установи за деца - детски градинки на подрачјето на Општина Гази Баба;
10. Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишен план за изменување и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Гази Баба за 2026 година; и
11. Предлог - Одлука за неприфаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Липково и Општина Гази Баба.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, беа соопштени ставовите на комисиите.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Енергетски план на Општина Гази Баба за 2027 година.**

Претседателот на советот го покани претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков, кој го образложи Енергетскиот план на Општина Гази Баба за 2027 година.

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Енергетски план на Општина Гази Баба за 2027 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт СИ 08, Блок 01, Општина Гази Баба (плански период 2021 - 2026).**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество претставникот од општинската администрација - Александар Јанакиески.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт СИ 08, Блок 01, Општина Гази Баба (плански период 2021 - 2026), со **20 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАНИ"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за**

**остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештај за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2026 година, со **22 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАНИ"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за вршење надлежности од областа на инспекцијата.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за вршење надлежности од областа на инспекцијата, со **26 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за реконструкција на улица "Лазар Поп Трајков" во Општина Гази Баба.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество членовите на советот: Маја Никодиновска (Левица), Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ) како и претставникот од општинската администрација - Ана Накева.

Во својата дискусија членот на советот - **Маја Никодиновска** (Левица), побара од соодветниот сектор да и бидат одговорени прашања усно или писмено и тоа: Дали постапката за урбанистичкиот проект и прибавувања на мислења од надлежни институции е завршен? Како се одлучува дали реализацијата ке биде со спроведена јавна набавка или од страна на ЈП? Што точно се подразбира под термините реконструкција, рехабилитација и проширување? Дали ке биде целосна или делумна? Дали се предвидува поставување на атмосферска канализација, сливници и решавање на проблемот со поплавување? Дали ке бидат поставени нови тротоари, рамници и пристапни рампи за лица со попреченост? Дали ке има хоризонтална и вертикална сигнализација? Дали ке се менуваат водоводните и канализационите цевки, електрични и телекомуникациските кабли? Како се замислени зеленилото и паркингот и дали паркинг местата ке бидат обележани? Кој е предвидениот рок за завршување со реконструкцијата?

Во својата дискусија членот на советот - **Александар Вељановски** (коалиција предводена од СДСМ), побара од соодветниот сектор да му биде одговорено прашањето: Како одредени згради добиле технички прием а не е соодветно изработена канализациската мрежа?

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави

на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за реконструкција на улица "Лазар Поп Трајков" во Општина Гази Баба, со **26 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за доделување на еднократна парична награда на училишниот тим на ООУ "Дане Крапчев", Општина Гази Баба - Скопје, за постигнат успех на Светскиот шампионат "FIRST LEGO League, 2026".**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество членот на советот Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ).

Во својата дискусија членот на советот - **Александар Вељановски** (коалиција предводена од СДСМ), како и на претходните 3 седници на советот, побара од службеникот Александар Трајковски од соодветниот сектор да му достави Извештај за 2025 година за сите оддржани манифестации, кои општествено одговорни субјекти донирале, како и договори за ангажман на лица за организација на настаните.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за доделување на еднократна парична награда на училишниот тим на ООУ "Дане Крапчев", Општина Гази Баба - Скопје, за постигнат успех на Светскиот шампионат "FIRST LEGO League, 2026", со **26 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за отстапување на времено користење на недвижна ствар - деловен простор во Дом на култура "11 Октомври", на Црвен крст на Република Северна Македонија - Општинска организација Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за отстапување на времено користење на недвижна ствар - деловен простор во Дом на култура "11 Октомври", на Црвен крст на Република Северна Македонија - Општинска организација Гази Баба - Скопје, со **26 гласа "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за отстапување на времено користење на недвижна ствар - деловен простор во Дом на култура "11 Октомври", на Јавна установа Градска библиотека "Браќа Миладиновци" - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за отстапување на времено користење на

недвижна ствар - деловен простор во Дом на култура "11 Октомври", на Јавна установа Градска библиотека "Браќа Миладиновци" - Скопје, со **26 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за пренесување на право на сопственост и распределба на движни ствари - прочистувачи на воздух, на општинските основни училишта и јавните установи за деца - детски градинки на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за пренесување на право на сопственост и распределба на движни ствари - прочистувачи на воздух, на општинските основни училишта и јавните установи за деца - детски градинки на подрачјето на Општина Гази Баба, со **26 гласа "ЗА"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишен план за изменување и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Гази Баба за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество членот на советот Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ).

Во својата дискусија членот на советот - **Александар Вељановски** (коалиција предводена од СДСМ) побара листа на сите ангажирани лица по договор на дело во Општината.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Предлог - Годишен план за изменување и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Гази Баба за 2026 година, со **19 гласа "ЗА", 4 гласа "ПРОТИВ" и 3 гласа "ВОЗДРЖАНИ"**.

**ЕДИНАЕСЕТТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за неприфаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Липково и Општина Гази Баба.**

Пред отварање на претрес по точката, за збор се јави членот на советот - **Маја Никодиновска** (Левица) која упати **забелешки** за непочитување на Деловникот.

Претставникот од општинската администрација - Васко Апостоловски одговори на прашањата поставени од членот на советот - **Маја Никодиновска** (Левица).

За збор се јави членот на советот - **Јорданчо Тодосиев** (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ).

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор,

го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за неприфаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Липково и Општина Гази Баба, со **20 гласа "ЗА", 1 глас "ПРОТИВ" и 5 гласа "ВОЗДРЖАНИ"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на советот - Виктор Трпевски ја заклучи Дванаесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **12:45** часот.

**Број 09-3596/2**
**од 15.06.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот